ПРОЛЕТ 2009 ◻ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

**Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија**

На 27 јануари 2009 година се одржа промоција на софтверската апликација База на податоци за состојбите со животната средина во општините, во хотелот Александар Палас во Скопје. Беа поканети сите општини, донаторската заедница, невладиниот сектор, стопанската комора и претставници на консултантски куќи кои се активни во секторот на животната средина.



*Министерот за животна средина и просторно планирање г-дин Целил Бајрами и директорката на РЕЦ Катарина стојковска*

Промоцијата беше извонредно посетена и побуди голем интерес. Настанот го отвори Министерот за животна средина и просторно планирање Др. Нецати Јакупи со зборовите дека мониторингот врз состојбите во животната средина и известувањето за овие состојби е обврска што произлегува од Европската регулатива, односно од Македонското законодавство што ги има во голема мерка транспонирано Директивите што ја регулираат оваа проблематика (во прв ред Законот за Животна средина). Министерот нагласи дека со помош на оваа апликација ќе се зголеми транспарентноста во многу сфери на управувањето со животната средина.



*Директорката на РЕЦ официјално му ја предава Дата-базата на министерот*

*продолжува на стр.2*

ДАТАБАЗА ЗА СОСТОЈБАТА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОПШТИНИТЕ *стр.* 2

СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ ЗА СКОПСКАТА ОБИКОЛНИЦА (ЕМАГ) *стр.* 5

ИЗБРАНИ 8 ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ОД НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ *стр.* 7

КОН ЧИСТИ ГОРИВА И ВОЗИЛА *стр.* 9

# ДАТАБАЗА ЗА СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОПШТИНИТЕ

Датабазата е изработена од страна на Регионалниот центар за заштита на животната средина (РЕЦ) и поддржана од средствата на инвестиционата програма на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во изработката на Датабазата беше вклуена фирмата Форнет, која што беше поканета да ги презентира алатките, функциите и можностите на датабазата.



*Претставување на базата на податоци*

РЕЦ и Форнет ја претставија пред присутните генезата на Датабазата, проблемите со кои се соочуваат општините при прибирањето на податоци за животната средина, потенцијалите на алатката при спроведувањето на законите и подзаконските акти што ја регулираат сферата на животната средина. Исто така, беше претставена методологијата, организацијата и структурата на системот, админстраторскиот интерфејс и неговите модули, корисничкиот интерфејс и неговите модули, а беа дадени и практични примери за тоа како функционира апликацијата.

На крајот, беа презентирани идните потреби од надградба и ширење на Датабазата. Со оглед на технологијата што е користена при изработката на Апликацијата, можно е нејзино поврзување со постојните системи на институциите што поседуваат податоци. Исто така, дополнителните модули што би требало да се изработат ќе овозможат спорведување на подзаконските акти за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето, Оцена на влијанијата врз животната средина, правилникот за известување во врска со создавањето на отпадот, Правилникот за складирање и третман на отпадот итн.



*Претставување на базата на податоци*

Директорката на РЕЦ по завршувањето на презентацијата симболично му ја предаде Датабазата на Министерот со желба истата да функционира и да ја исплонува целосно својата намена.

Во неформалниот дел по завршувањето на презентацијата, голем број на поканети општини изразија интерес за добивање на корисничко име и лозинка за пристапување кон Датабазата.

**Издава:**
Регионален центар за заштита
на животната средина
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
**Одговорно Лице:**
Катарина Стојковска
**Техничка подготовка:**
Дејан Ковачевиќ
**Лектура:** Марина Орцанова

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**

The Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel. +36 26 504 000;Fax. +36 36 311 294 e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита
на животната средина
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Илинденска бр. 118
1000 Скопје
Тел: 02 3090 135, 3090 136
Факс: 02 3088 193
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# ПРОМОВИРАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВИ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕЧКИ ЗА НАБАВКА НА ПРОИЗВОДИ И ТЕХНОЛОГИИ КОИ СЕ ВО ИНТЕРЕС НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА

Во рамките на проектот: "Промовирање на иницијативи и утврдување на пречки за набавка (ставање во промет) на производи и технологии кои се во интерес на животната средина, во земјите на Западен Балкан и Турција", Регионалниот центар за животна средина, Канцеларија во Македонија, организараше работилница/тркалезна маса на тема: "Воведување на постапки за набавка (ставање во промет) на зелени производи и технологии во Република Македонија – можности, пречки и чекори за во иднина". Работилницата се одржа на 3-ти март 2009 година, во просториите на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија.

Проектот, што инаку е финансиран од страна на холандското Министерство за градба, просторно планирање и животна средина (ВРОМ, http://international.vrom.nl), има за цел да наметне поинтензивна употреба на производи, технологии и услуги кои се во интерес на животната средина, да укаже на придобивките од примената на истите, како и да го привлече вниманието на Владите од земјите на кои им е наменет овој проект, да започнат со утврдување на пречките што го оневозможуваат ставањето во промет на т.н "зелени " производи, технологии и услуги.

***Концепт и цели на работилницата***

Главна цел на работилницата / тркалезната маса беше да идентификува и укаже на пречките за воведување на Концептот за набавка на „зелени производи„ во национални рамки и да се идентификуваат акциите што треба да се превземат, со цел да се отпочне праксата за набавка на „зелени производи„.(Слични работилници се реализирани во Хрватска- Црна Гора (ноември-декември 2008 г.). За повеќе информации посетете ја: http://www.rec.org/REC/Programs/environmental_policy/main_gpp/default.html).

Овој настан претставуваше добра можност учесниците да научат повеќе за политичката рамка на ЕУ во делот на набавка на "зелени производи" како и за статусот во спроведувањето на овој концепт и позитивните практики во поглед на оваа проблематика во земјите членки на ЕУ.

Оваа работилница здружи 10 - 15 национални чинители од владиниот, граѓанскиот и бизнис секторот, кои можат да делуваат кон воведување на практиките за набавка на „зелени производи„ во земјата.

Работилницата резултираше со креирање на листа со конкретни акции (истите треба да се доработат и да се подготват во прифатлив формат), кои во иднина треба да придонесат кон воведување на Концептот за набавка на „зелени производи„ во Македонија.

***Во врска со постапките за јавна набавка на т.н. зелени производи, технологии и услуги*** (За повеќе информации посетете ја страницата: http://ec.europa.eu/environment/gpp/index_en.htm )

Се очекува, Владите на земјите во светот, да демонстрираат лидерство во поглед на идните иницијативи за одржлив развој, не само преку креирањето на политики, туку и со промовирање на практични примери за набавка на производи, технологии и услуги во јавниот сектор, кои се во интерес на животната средина, односно т.н. „зелени прозводи„.

Концептот за набавка на "зелени прозводи" е во контекст на намерата, надлежните органи да набавуваат добра, услуги и работи кои го намалуваат штетното влијание врз животната средина, наспроти набавката на добра, услуги и работи за истата примарна функција, кои не се во контекст на заштитата на животната средина.

Во последните неколку години, спроведувањето на Концептот за набавка на „зелени прозводи„

побуди посебен интерес и политичка одговорност во земјите членкии на ЕУ, како на национално, така и на локално ниво:

- Повеќето земји членки на ЕУ веќе го усвоија или се во процес на подготвување на Националниот акционен план (НАП) за спроведување на Концептот за набавка на „зелени прозводи„. Некои од земјите на ЕУ (15 држави, меѓу кои Австрија, Данска, Холандија и Велика Британија) го отпочнаа спроведувањето на националната програма за набавка на „зелени прозводи„ уште пред десетина години, така што за нив со сигурност може да се каже дека се во изразено напредна фаза по ова прашање.

- Правната рамка во врска со набавката на „зелени прозводи„ е дадена во две нови ЕУ Директиви од 2004 год. Во својата обновена содржина, Стратегијата за одржлив развој на земјите членки на ЕУ, укажува на нивната правна одговорност за спроведување на Концептот за набавка на „зелени прозводи„. Во стратегијата се посочени целите (показателите) за воведување на просечно ниво за набавка на „зелени прозводи„ во ЕУ, до нивото на стандардни достигнувања за оние земји на ЕУ кои покажуваат најдобри достигнувања (околу 50 %) во периодот до 2010г. Како составен дел на ЕУ Акциониот план за Одржлива потрошувачка, производство и индустрија (јули 2008 г.), беше подготвена Комуникација за иницијативите за хармонизација на критериумите за набавка на „зелени производи„ во ЕУ, а беа и публикувани правни и оперативни упатства од страна на Европската Комисија.

## ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

И покрај големиот ангажман во предизборната кампања на координаторите на општините кои учествуваат во процесот на изработка на ЛЕАП, тие неуморно работеа изминатиов временски период. Повеќето општини работат согласно планот на активностите, договорен на вториот семинар кој се оддржа минатата година во Охрид.

2009 година започна со реализација на анкета за испитување на мислењето во врска со проблемите со животната средина во општината.

За испитување на јавното мислење, во шестте општини беше спроведена анкета од страна на Локалниот комитет (Работната група за испитување на јавното мислење). Во таа насока се подготви т.н. Листа на проблеми со животната средина (за решавање), претставена во форма на анкетно ливче. Преку едноставно одбирање на понудените солуции во анкетното ливче, граѓаните ги посочуваа проблемите од својата непосредна околина, со кои се соочуваат секојдневно.

Преку ова истражување се утврди мислењето на жителите на општините корисннички на проектот ЛЕАП во врска со состојбите со животната средина, за секоја поодделна област (вода, воздух, отпад, земјиште и загадување на почва и природа), при што беа утврдени проблемите со највисок приоритет за решавање.

Јавната анкета се спроведе како составен дел од низата активности, неопходни за успешно спроведување на ЛЕАП документот што е во изработка.

Подоцна, преку обработка на податоците собрани со анкетата, се утврдија најсериозните проблеми со животната средина (по тематски области), кои повлекуваат најмногу грижи кај граѓаните од општината.

Меѓу другото, утврдувањето на најприоритетните проблеми за решавање е значајно од аспект на прецизно утврдување на цели, мерки и акции.

За таа цел, во сите општини беа организирани состаноци за утврдување на цели и мерки. На состанокот покрај локалниот координатор и претставници на работните групи, активно учество земаа надворешните експерти за подготовка на ЛЕАП документот, ангажирани од страна на Регионалниот центар за заштита на животнатат средина.

# СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ ЗА СКОПСКАТА ОБИКОЛНИЦА (ЕМАГ)

ЕМАГ го оддржа четиринаесеттиот квартален состанок за проектот Скопска Обиколница Групата ги разработува прашањата кои произлегуваат за време на мониторингот на животната средина на изградбата на обиколницата.

Советодавната Група за Животна Средина и Мониторинг за Скопската Обиколница (ЕМАГ) го одржа својот четиринаесетти квартален состанок и инспекција на терен на ден 4 март 2009 год. ЕМАГ го проценува спроведувањето и ефикасноста на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и мониторингот од изградбата на западната секција од проектот Скопска Обиколница Фаза 2, финансиран од Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБРД). Како што е наведено во договорот за заем на Агенцијата за државни патишта (АДП) и ЕБРД, овие мерки мора да бидат применети од Изведувачот на градежните работи ТЕРНА и Надзорот ГИМ, како барање на нивниот договор со АДП. ЕМАГ беше формирана во 2005 год. Од страна на Министерството за транспорт и врски (МТВ). ЕМАГ ги претставува локалните заедници по должина на обиколницата НВО од областа на животната средина и владините институции, МТВ и АДП. ТЕРНА и ГИМ се исто така поканети да учествуваат на состаноците на ЕМАГ како набљудувачи, но и да даваат одговори на прашањата кои произлегуваат за време на работат на групата. За време на последните состаноци и посет на терен, подолу споменатите прашања беа дискутирани на кои ЕМАГ работи, во соработка со ТЕРНА, ГИМ и АДП.



*Одводен канал во с. Кондово*

Обиколницата е отоврена за сообраќај од јули 2008 год; секако сеуште има ограничен број на возила кои го користат автопатот, бидејќи првата фаза од обиколницата сеуште не е изградена што би овозможило целосен сообраќај околу градот. Следните прашања беа забележани за време на инспекцијата на терен а потоа истите беа дискутирани за време на последователниот состанок на ЕМАГ:

***Одводен канал во Кондово***. Одводнувањето во каналот сеуште е стопирано бидејќи во него има наталожени седименти, поради: (1) бреговите на каналот и областите над косините кои се одводнуваат во каналот се невегетирани а со тоа лесно еродивни; и (2) падините на каналот не се доволно стрмни да ги носат подалеку водите и еродираните седименти. Долгорочно решение е да се реши еден или двата од овие фактори кои придонесуваат кон постоечката состојба. Природната ревегетација на бреговите на каналот и областите кои се одводнуваат со каналот можеби нема да бидат успешни во следните неколку години, поради стрмнината на овие косини и постојаната сенка која ја создава дел од автопатот кој поминува горе. Од друга страна регулација на коритото на одводниот канал во Кондово би било многу скапо. Затоа Мониторот за животна средина препорача дека каналот треба редовно да се чисти од седиментите и дека треба да се направат дополнителни мерки во однос на земјиштето и голите стрмнини по должина на каналот треба да се ревегетираат и исто така косините над каналот кои се одводнуваат во самиот канал. Агенцијата за државни патишта ги зема во предвид можностите за делување со цел краткорочно да се реши проблемот; таа исто така ќе работи заедно со општината да ги дефинираат надлежностите за долгорочно редовно одржување на локалните патишта и струкутирите за одводнување; исто така АДП ќе се осигура дека ГИМ ќе врши набљудување на ефикасноста на решенијата за време на првите две години од оперативниот период.

***Мостот Волоково - Орман.*** Локалниот пат во с.Орман и понатаму има вода и кал од одводнувањето кои им пречат на корисниците на патот бидејќи тоа е исто така пат кој води

до селското училиште. Визуелната инспекција на ридот и усекот на западниот крај и северната страна од автопатот повторно потврди дека водата која останува (се собира) на локалниот пат најверојатно е резултат на истекување на соседните површински води кои истекуваат од ридот на самиот пат и/или од слаботo одводнување на самиот локален пат. Беше препорачано дека истекувањето на локалниот пат ќе биде контролирано со поставување на одводен канал на западната страна од патот од врвот на ридот и дека истекувањето на патот ќе биде делумно регулирано со регулација на страничниот појас на источната страна на патот, со поставување на испусен отвор на веќе постоечкиот одводен канал на западната страна на патот и обезбедување на редовно чистење и одржување на веќе постоечкиот одводен канал а сето ова би требало да биде одговорност на општината Ѓорче Петров. Агенцијата за државни патишта ги зема во предвид можностите за краткорочно решавање на проблемот; таа исто така ќе работи заедно со општината за јасно дефинирање на надлежностите за долгорочно одржување на локалните патишта и структурите за одводнување; исто така АДР ќе осигура дека ГИМ го спроведува набљудувањето на ефикасноста на сите мерки и решенија за време на првите две години од оперативниот период.

***Обновување на земјиштето и ревегетација.*** Напорите за ревегетација се поуспешни отколку за време на изминатата инспекција на ЕМАГ. Влажната пролет ќе го продолжи раззеленувањето на насипите, но секако овие мерки неможат сеуште да се дефинираат како целосно успешни. Исто така, поголем дел од обласга засадена со дрва на поранешното позајмиште Вражанска на левата страна од брегот на реката Лепенец возводно од новиот мост на обиколницата е уништен од страна на локалните земјоделци, кои нелегално ја узурпирале земјата која е во сопственост на државата, но тие ја ораат земјата за садење на земјоделски кутури. Други области по течението на реката Лепенец во близина на мостот се узурпирани и истите се користат за нелегално фрлање отпад и градежен шут што создава небезбедни, нездрави и загадени услови а исто така придонесува кон опасности од поплави на реката Лепенец; ова е прашање во надлежност на државата како и состојбата со државното земјиште.

***Мерење на бучава.*** На претходните состаноци на ЕМАГ, Министерството за животна средина и просторно планирање се заложи т.е превзеде обврска за вршење на периодични мерења на бучавата во близина на куќите кои се наоѓаат покрај самата траса, за да се утврди дали нивото на бучава е во рамките на дозволените граници и да поднесе извештај до Агенцијата за државни патишта, која пак има обрвска да обезбеди дополнителна заштита од бучава онаму каде што е потребно. Мониторот за животна средина препорача дека МЖСПП треба да изврши барем еднаш мерење на бучавата пред следната посета на Мониторот за животна средина која ќе биде во јуни 2009 год. за да се утврди процедурата на мерење и да се обезбедат основни податоци за состојбата; дополнителните мерки потоа треба да почекаат да биде отворена за сообраќај првата делница од обиколницата, за да може да се добијат податоци за целосното и нормално одвивање на сообраќајот за целата обиколница.

***Долгорочно управување и одржување.*** На Македонија пат и беше доделена обврската за редовно одржување на обиколницата, но неколку недостатоци во одржувањето од кои дел поврзани со безбедноста на патот беа забележани за време на инспекцијата на ЕМАГ. АДП ќе се обрати до Македонија пат во врска со овие прашања и да се обезбеди поефикасно извршување на обврските околу одржувањето на патот. Сеуште се чека на ТЕРНА да го достави до АДП драфт Планот за долгорочно управување и одржување на обиколницата. Овој план ќе ги содржи одговорностите за одржување на соодветни делови; ќе содржи дел поврзан со безбедноста на патот и исто така ќе вклучува додаток од План за управување со животната средина за оперативниот период и оперативен План за управување со инциденти од загадување. Претставник од Македонија пат беше назначен од страна на АДП кој ќе присуствува на состанокот на ЕМАГ во јуни 2009 год, за да се дискутира комплетирање, интегрирање и спроведување на Планот за долгорочно управување и одржување на обиколницата, како и Планот за управување со животната средина за оперативниот период и оперативниот План за управување со инциденти од загадување.

# ИЗБРАНИ 8 ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ОД НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ

Во текот на изминатиот период, поточно од јануари до март 2009 г. во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија од пристигнатите 13 концепти кои што беа селектирани од страна на ЛСО, 12 Граѓански здруженија развија комплетни предлог проекти.

Според одлуката на донаторот донесена во февруари 2009 година, следниве ГЗ добија целосна финансиска поддршка за понатамошно спроведување на предложените проекти:

**1. Соларно готвење**
ЕКОВИТА од Неготино;

**2. Енергетски ефикасна општина**
Регионален центар за застапување од Делчево;

**3. Велосипедот-алтернативно превозно средство**
Планетум Струмица;

**4. Со велосипед е во ред, но каде да паркирам?**
Коалиција за одржлив развој од Скопје;



Претставување на формуларите за финансиски и описен извештај

**5. Интегрален пристап за решавање на сообраќајните проблеми од одржлив аспект во Кочани**
Еднакви за сите од Кочани;

**6. Одржливо управување со отпадот во општина Ѓ. Петров**
Граѓански еколошки форум од Скопје;

**7. До здрава храна преку искористување на органските отпади**
ЗЗ на Машински круг од Пробиштип;

**8. Реконструкција на улично осветлување во Стар Дојран**
Друштво за заштита и љубов на Д. Езеро.



*Презентација на проектните активности и меѓусебно запознавање на ГЗ*

Вкупната вредност на проектите во првиот круг на националните грантови кои што ќе добијат финансиска поддршка изнесува 70.000,00 Евра.

На 10.03.2009 год. во просториите на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија се одржа Состанокот за Добитниците на Грантови. За таа цел беа поканети Координаторите на проектот како и легалните претставници од ГЗ. Покрај свеченото потпишување на договорите, на состанокот повторно беа презентирани основните принципи и условите за финансиска поддршка на проекти. Исто така, секој од учесниците изврши презентација на својот проект со цел подобро запознавање со проектните активности и на организациите меѓу себе.

На состанокот Граѓанските здруженија беа запознаени и идните упатства при подготовка на описниот и финансискиот извештај за проектите.

## ЗАШТИТА НА ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ ЕЗЕРАНИ

Проектниот тим изврши детална социо-економска анализа на населението што живее на територијата во и покрај строго заштитениот природен резедрват Езерани, лоциран на север на Преспанското Езеро.
Анализата покажа дека при заштитата на природниот резерват Езерани, како дел од општо прифатената сретегија за водени живеалишта, треба да се земат предвид повеќе антропогени влијанија. Повеќето од нив произлегуваат од традиционалните практики при искористувањето на природните ресурси.
што се однесува до социо-економскиот статус на населението, се заклучи дека приходите на домаќинствата можат целосно да ги покријат основните потреби, меѓутоа овие домаќинства ретко се одлучуваат да потрошат од средствата што им се на располагање во инвестирање, кое не е директно поврзано со нивниот основен приход - одгледувањето на јаболка. Тоа се должи на фактотот дека егзистенцијата на населението е повеќе или помалку неизвесна и е директно зависна од сезонски приходи, кои пак, од своја страна, зависат од временските услови и пазарната цена на јаболката.
Со цел да го зголемат својот приход, домаќинствата се ангажираат при зголемувањето на приносите, но тоа не го прават секогаш на соодветен начин и во согласност со начелата на заштитата на животната средина. Од тие причини, присутно е дифузното загадување од тековната земјоделска пракса, потоа загадување од несоодветно постапување со отпадот (особено со амбалажата од пестициди; загадување исто така се врши заради испуштањето на отпадните води во септички јами итн. Меѓутоа, населението врши активности кои не се директно поврзани со нивната егзистенција, а при тоа тие да бидат закана за одржувањето на заштитните режими во резерватот. Имено, присутни се појави на недозволени активности, како што е риболовот (и покрај тоа што во моментот постои забрана за риболов) ловење на дивеч и птици и експлоатација на песок и чакал во строго заштитената зона на резерватот.
Проектниот тим предложи различни мерки за надминување на овие состојби Покрај мерките што се однесуваат на конкретна заштита на водното живеалиште, се предлагаат институционални промени и примена на економски инструменти кои се непосредно поврзани со субвенциите што се доделуваат на земјоделските производители. Се планира да се реализира средба со локалното население на која овие мерки ќе се дискутираат со цел нивно широко прифаќање и примена.

## СЕЛЕКТИРАНИ 5 ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ОД КОМПОНЕНТАТА ОРГАНИЗАЦИСКА СПОСОБНОСТ

Како резултат на еден комплексен процес кој се одвиваше изминатата година, заедно со претставниците на ГЗ од третиот круг на националните грантови, на 10.03.2009 год. се одржа Состанокот за Добитниците на финансиска поддршка од компонентата за организациска способност. Секој од учесниците изврши презентација на својот проект со цел подобро запознавање со проектните активности и на организациите меѓу себе.
На состанокот Граѓанските здруженија беа запознаени и со идните нупатства при подготовка на описниот и финансискиот извештај за проектите.
Следниве организации добија финансиска поддршка за спроведување на предвидените активности:

**1. Центар за пермакултура и мироградба од Гостивар;**
**2. Македонско еколошко друштво од Скопје;**
**3. Регионален центар за застапување од Делчево;**
**4. Здружение за граѓанска иницијатива Хоризонти од Злетово;**
**5. Организација на жените на општина од Свети Николе.**

# КОН ЧИСТИ ГОРИВА И ВОЗИЛА

Во изминатиот период како завршница на проектот што го финансира УНЕП на 12 и 13 февруари се одржа регионална работилница во Охрид. На работилницата беа поканети учесници од различни структури од Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, односно земјите што сеуште користат оловен бензин. Имено, беа поканети претставници на владиниот сектор (Министерствата за животна средина и енергетика), Рафинерии (ОКТА и Рафинериите од Панчево и Ниш), невладини организации, Сојузот на возачи на РМ и дистрибутери на гориво (бензински пумпи). Присутни беа и претставникот на донаторот - УНЕП - Г-ѓица Елиса Думитреску, како и членот на Партнерството за чисти горива и возила - Г-дин Џон Куртис, кој истовремено учествуваше во проектот како меѓународен консултант.



*Учесници на работилницата во Охрид*

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија во соработка со учесниците подготви интересен дневен ред така што беше овозможено за темата околу хармонизацијата на квалитетот на горивата со Европските директиви да се произнесат сите земји и да разговараат околу можностите за нивна соработка околу решавање на заедничките проблеми.

На работилницата се истакна дека во само 14 земји во светот (Авганистан, Алжир, Ирак, Манмар, Северна Кореа, Палестина, Таџикистан, Тунис, Узбекистан, Јемен, Србија, Црна Гора, Федерацијата на Босна и Херцеговина и Македонија) сеуште се употребува оловниот бензин. Партнерството за чисти горива и возила, како и Владите на овие земји прават напори ова гориво кое предизвикува штетни емисии што предизвикуваат здравствени проблеми кај населението (особено децата и бремените жени) да биде отстрането во блиска иднина. Во Македонија се очекува резервите на оловниот бензин да се потрошат до јуни 2009 г. во Црна Гора предвидено е периодот на исфрлање да трае до јули 2009 г. додека во Србија и Б иХ се очекува овој период да потрае до 2010-201 година.



*Регионална работилница за чисти горива и возила*

Низ презентациите и дискусиите беше потенцирано дека кон новите технологии за производство на возила со перформанси кои одат во прилог на заштитата на животната средина, неопходно е да бидат достапни квалитетни горива, како максимално би се користел потенцијалот на возилата за намалени емисии.

Приомената на биогоривата е уште една насока во која се движат напорите за подобрување на квалитетот на горивата. Анализите исто така покажуваат дека со усовршување на технолошките процеси на рафинериите се постигнуваат резултати во заштитата на животната средина, меѓутоа истовремено рафинериите стануваат поефикасни а нивното работење порентабилно. Од исклучителна важност беше можноста за трите рафинерии да разменат искуства околу реконструкциите што тие ги направиле или ги прават, со цел да се подобри квалитетот на горивото.

Исто така претставниците на министерствата за животна средина од земјите имаа можност да разменат искуства, како во однос на процесите за усогласување со Европските директиви во

областа на чистите горива, така и во однос на начините и методите на вршење на мониторинг врз квалитетот на горивата. Меѓу присутните беа претставници на една акредитирана лабораторија од Хрватска, кои изнесоа зошто е неопходно на пазарот да бидат присутни субјекти кои на непристрасен начин ќе известуваат за резултатите од лабораториските мерења околу квалитетот на горивото што се дистрибуира на пазарот.

Меѓу другото, на работилницата се претстави и Сојузот на Возачи од Македонија за некои горливи теми но во една релаксирана атмосфера. Особено претставниците на Србија и Црна Гора го искажаа своето задоволство што можеа да ги разменат искуствата во сферата на горивата со своите македонски колеги. На крајот се заклучи дека постои потреба од вакви средби и во иднина, бидејќи хармонизацијата на квалитетот на горивата во регионот е предуслов да се спречат одредени илегални дејства во врска со дистрибуција на горива со несоодветен квалитет на пазарот. РЕЦ ќе ја продолжи комуникацијата со донаторот, со цел да се обезбедат средства за продолжување на еден регионален проект во оваа област кој, покрај на квалитетот на горивата, ќе се фокусира на подобрување на мониторингот.

## ТЕХНИЧКИ ТИМ ЗА СОБИРАЊЕ И ОЦЕНКА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗАРАДИ ИЗРАБОТКА НА ПРЕКУГРАНИЧНА ДИЈАГНОСТИЧКА АНАЛИЗА-СТРАТЕШКА АКЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕСПА ПАРК

По одобрувањето на Почетниот извештај проектниот тим продолжи со собирање на податоците за подрачјето на трилатералниот Преспа Парк, со цел спроведување на дијагностичка анализа на најзначајните влијанија врз екосистемот и животната средина во целост. Откако се утврдија прелиминарно најважните влијанија, нивните извори и причини, се пристапи кон организирање на три национални работилници во Лерин, Корча и Ресен. На работилниците беа поканети бројни институции кои соодветно учествуваат во спроведување на политики во секторите за кои беа утврдени најзначајните влијанија. Имено, се утврди, а на работилниците и се потврди, дека најзначајни сектори во кои се спроведуваат активности кои се во колизија со заштитата на Преспа паркот се земјоделството, рибарството, шумарството, планирањето на користењето на земјиштето, управувањето со води и цврст отпад, како и управувањето со заштитени подрачја. Од тие причини беа поканети соодветните министерства, локалната самоуправа и невладиниот сектор во трите земји.

Првата работилница се одржа во Лерин, каде што низ дискусија со присутните се изврши оценување и приоритизација на веќе идентификуваните влијанија врз екосистемот. Во почетокот беше прилично чувствително да се дискутира отворено за вистинските проблеми во животната средина, но резервираноста на учесниците беше надмината и до крајот на денот се дојде до широк консензус околу најважните прашања.

Втората работилница се одржа во Корча; во споредба со онаа во Лерин, учесниците беа покооперативни, иако аргументите во прилог на тезите за одделни проблеми во животната средина не секогаш беа валидни, заради недостиг на научно потврдени факти за причината на определени состојби во животната средина. Конечно, оценувањето и приоритизацијата на влијанијата беше успешно спроведено како и во Грција претходниот ден.

Третата работилница се одржа во Ресен. Имаше широк одзив на поканетите и дискусиите се водеа динамично, така што влијинијата врз животната средина беа разгледувани од повеќе аспекти: од аспект на човековото здравје, интеракциите помеѓу секторите итн. Присутните беа заинтересирани за гледиштата на нивните колеги од Грција и Албанија, што уште еднаш покажа дека ставовите околу причините за влијанијата врз екосистемот на Преспанското Езеро и животната средина во целост не се усогласени и покрај долгогодишните напори општествените чинители да го сметаат овој простор за заедничко добро.

Како нареден чекор од проектот ќе биде изработка на Националните извештаи, кои ќе послужат како основа за дијагностичката анализа, која ќе се фокусира на проблемите со меѓуграничен карактер.

# Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

**Претставување**

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Турција, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

**Стратегија**

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
*за Централна и Источна Европа*
Канцеларија во Македонија

ул. "Илинденска" бр. 118
1000 Скопје

телефон: (02) 3090 135
(02) 3090 136
факс: (02) 3088 193

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*